# **Семинарска работа**

Тема: НАТО

www.MaturskiRadovi.NET

# Содржина


- 1 Историја
  - 1.1 Почетоци
  - 1.2 Студената војна
  - 1.3 Француско повлекување
  - 1.4 Детант
  - 1.5 Крајот на Студената Војна
  - 1.6 Балканска интервенција
  - 1.7 По нападите на 11 септември
  - 1.8 Проширување на НАТО
    - 1.8.1 Блокада на членството во НАТО на Македонија
  - 1.9 ИСАФ
  - 1.10 Противракетна одбрана
- 2 Проширување
- 3 Соработка со трети страни
  - 3.1 Партнерство за мир
  - 3.2 Евроатлански совет за партнерство
  - 3.3 Медитерански дијалог
- 4 Структура
  - 4.1 Политичка структура
  - 4.2 Воена структура
  - 4.3 Парламент на НАТО
  - 4.4 Список на Генерални секретари
- 5 Организации и агенции
- 6 Наводи
- 7 Надворешни врски

# НАТО

**Северноатлантска Алијанса**
**North Atlantic Treaty Organization**
**Organisation du Traité de l'Atlantique Nord**



**Членките на НАТО во сино**

| | |
|---|---|
| **Основање** | 4 април, 1949 година |
| **Тип** | Воена алијанса |
| **Седиште** | Брисел, Белгија |
| **Членство** | 28 држави[прикажи] |
| **Официјални јазици** | Англиски Француски[1] |
| **Генерален Секретар на НАТО** | Андерс Фог Расмусен |
| **Претседател на воен комитет на НАТО** | Циампало Ди Паола |
| **Веб-место** | http://www.nato.int/ |

**НАТО** или **Северноатлантската Алијанса** (англиски: *North Atlantic Treaty Organisation* (NATO), француски: *l'Organisation du Traité de l'Atlantique Nord* (OTAN)), понекогаш нарекувана **Атлантска Алијанса**, или **Западна Алијанса** е меѓународна безбедносна организација која била создадена со потпишувањето на североатланскиот договор на 4 април, 1949 година. Седиштето на НАТО се наоѓа во Брисел, Белгија и организацијата претставува систем за колективна одбрана со кој нејзините држави членки се обврзуваат за заедничка одбрана во одговор за напад од надворешни лица.

Во првите неколку години, НАТО претставувала еден вид обична политичка асоцијација. Првиот генерален секретар на НАТО е Хастингс Исмеј, кој изјавил

дека целта на организацијата е „одбрана од СССР, под раководство на САД и Германија да се држи потчинета“.[2] Како резултат на важната улога која Велика Британија ја добива во алијансата, Франција во 1966 година се повлекла од пактот.

Со паѓањето на Берлинскиот ѕид во 1989 година, главната цел на алијансата станала придобивање на земјите кои претходно се наоѓале под влијание на т.н. Источен блог, односно поранешните членки на Варшавскиот договор. Ова пред се сè однесува на земјите од Балканскиот полуостров, кое доведе до проширување на алијансата во 2004 година (Бугарија, Романија) и 2009 година (Хрватска и Албанија).[3] Во 2009 година требало и Република Македонија да пристапи кон алијансата, но поради недоразбирањата со Грција околу името Македонија, таа го блокирала пристапот на Букурешкиот самит.

По терористичките напади од 2001 година врз САД, алијансата се насочува кон нови предизвици расположувајќи војски во Авганистан и Ирак, со што ја пребродува таканаречената „Криза на индентитетот“ од деведесеттите години.

# Историја



Потпишување на Североатланскиот договор во Вашингтон 1949 година

Договорот од Брисел, потпишан на 17 март, 1948 помеѓу Белгија, Холандија, Луксембург, Франција и Обединето Кралство, се смета за претходник на НАТО договорот. Создавањето на т.н. *Берлинска блокада* довело до создавање на Западноевропски сојуз чија цел се темелила на одбрана на организацијата во 1948 година. Но, учеството на САД во тоа време било неопходно за да се спротистави на воените сили на СССР. Така, одговорот од можниот нов воен напад започнал да се гради веднаш.

Овие преговори довеле до Североатланскиот договор кој бил потпишан во Вашингтон на 4 април,1949 година. Со новиот договор, новата Алијанса освен членките од Брислескиот договор ги вклучувала и САД, Канада, Португалија, Италија, Норвешка, Данска и Исланд. Договорот не бил прифатен еднострано. Така, веке во март избувнале големи антинатовски немири во Исланд.

Такви дејства, кои се сметаат за неопходни, вклучително и употреба на вооружена сила, не означува дека другите држави членки директно се обврзани да реагираат со воени дејства. Тие се должни да одговорат на тоа, но да го зачуваат изборот и начинот по кој би реагирале при една таква ситуација. Ова од своја страна се разликува од договорот од Брисел каде тоа било задолжителна обврска. Еден пример околу овој член е неучеството на НАТО во Фолкландската војна помеѓу Велика Британија и Аргентина во 1982 година. За прв пат во историјата на договорот, САД се повикал на член 5 на 12 септември, 2001 година по терористичките напади.

Создавањето на Алијансата довело до некоја постандардизација на сојузничката воена терминологија, процедура и технологија, кое во многу случаи означува користење на практиките на САД од европските членки. Стандардизацијата била уредена со околу 1300 договори. Во почетокот на 1950 година била воведена 7,62 × 51 НАТО пушка како стандардно оружје. ФН ФАЛ станала една од најпопуларните и најкорисните оружја во деведесетите години на минатиот век.

## Студената војна



Поделеноста на светот во времето на Студената војна

Студената војна бил период на конфликти, тензија и натпревар помеѓу САД и СССР и нивните сојузници од времето по Втората светска војна до раните 1990-ти. Во текот на овој период, ривалитетот помеѓу двете супер-сили се одвивал на повеќе полиња: воени сојузи, идеологија, психологија, шпиунажа, технолошка надмоќ, освојување на вселената, огромни трошоци за одбрана, огромни конвенционални и нуклеарни воени потенцијали, и многу посредни војни. Во тој период, речиси сите земји во светот биле или сојузници, или поддржувачи на една од двете супер-сили. Неколку пати доаѓало до тензии кои се заканувале да прераснат во нова светска војна: Блокадата на Берлин во (1948-1949), Корејската војна (1950-1953), Виетнамската војна (1959-1975), Кубанска криза со нуклеарни проектили (1962) и Советско-Авганистанска војна (1979-1989).

Избувнувањето на Корејската војна во 1950 година било од решавачко значење на НАТО, бидејќи се појавила можна опасност пред се од комунистичките земји. Тоа ја принудила алијансата да развива конкретни воени планови. Во 1952 година, на Лисабонската конференција било решено воената дивизија да се прошири на 96. Во тоа време, НАТО имал околу 50 дивизии во Централна Европа, и уште десетици во

Италија и Скандинавија. На таа конференција официјално Хестингс Исмај бил назначен за прв генерален секретар на НАТО.

Истата 1952 година кон сојузот се присоединиле Турција и Грција. Во 1954 година, Советскиот Сојуз започнал компања според која требало и тој да биде дел од НАТО пактот сè со цел да се зачувал мирот и стабилноста на Европа. Но, во државите членки ова го сметале како мотив за ослабување на позициите на НАТО, и во крајна сметка овој предлог од СССР бил одбиен. Вклучувањето на Западна Германија во сојузот на 9 мај 1955 година бил опишан како “*решителен повратен момент во историјата на нашиот континент*“ од Халвард Кинг, министер за надворешни работи на Норвешка во тој момент. Главна причина поради која Западна Германија била вклучена во сојузот е невозможноста без германска работна сила да се постигне во областа на развивањето на воената индустрија. Од друга страна, СССР на 14 мај 1955 година го формирала Варшавскиот договор, кој го потпишале Унгарија, Чехословачка, Полска, Бугарија, Романија, Албанија и Источна Германија. По таков начин бил создаден т.н. источен блог под влијание на СССР и западен блог под влијание на САД.

## Француско повлекување



НАТО бази во Франција

Единството на НАТО било нарушено во почетокот на својата историја. Кризата започнала кога на чело на Франција бил Шарл де Гол во 1958 година. Де Гол најмногу се противел на силната и голема улога на САД во организацијата, нешто што тој го воочувал како специјална врска помеѓу Обединетото Кралство и САД. Со меморандум, испратен до претседателот Двајт Ајзенхауер и премиерот Харолд Мекмилан на 17 септември, 1958 година, тој потенцирал за создавање на тристрана дирекција, со која Франција би била поставена на исто рамниште заедно со САД и Обединетото Кралство. Тој исто така го потенцирал и опфатот на НАТО да се вклучат и географските области кои биле од интерес на Франција, пред сè ова се однесувало на Алжир.

Сметајќи дека дадениот одговор е незадоволителен, Де Гол започнал да гради една независна одбрана на својата држава. Така, официјално на 11 март, 1959 година Франција се повлекла од командувањето со НАТО, а три месеци покасно Де Гол забранил располагање на надворешни јадрени оружја на територијата на Франција. Тоа го принудило САД да ги префрли своите десетици илјади авиони на соседните НАТО бази.

И покрај тоа што Франција покажувала солидарност кон останатиот дел од НАТО пактот за време на Карипската криза од 1962 година, Де Гол продолжил со создавање на независна одбрана преку повлекување на француските бази кои се наоѓале на Атланскиот океан. Веќе во 1962 година, сите француски вооружени сили биле отстранети од НАТО базите, и сите нефранцуски војски на НАТО биле замолени да ја напуштат Франција. Со тоа било преместено и седиштето на SHAPE на 16 октомври, 1967 година од Роквенкорт, блиску Париз во Монс, Белгија. Но, Франција останала лојална на одбраната на Европа од можни комунистички напади од истокот.

## Детант

На 30 мај, 1978 година, државите членки на НАТО ги дефинирале двете дополнителни цели на Алијансата, односно поддршка на сигурноста на државите членки и стремежот кон детантот. На 12 декември, 1979 година, како резултат од целите на Варшавскиот пакт во Европа, министрите одобриле расположување на американски ракети GLCM и Pershing II во Европа. Една слична ситуација од 1984 година довела до големи протести во цела Западна Европа.

## Крајот на Студената Војна



Членови на ЕУ и НАТО.

Крајот на Студената војна и распаѓањето на Варшавскиот договор во 1991 година всушност го намалил или уништил основниот противник на НАТО. Тоа довело до стратешка промена на целите на НАТО, неговите задачи и предизвици. Во практиката, тоа довело до постепено раширување на НАТО кон Источна Европа, како и проширување на дејноста во области, кои во минатото биле дел од т.н. Источен блок. Првото проширување на Алијансата настанало на 3 октомври, 1990

година со обединувањето на Германија, кога поранешната Источна Германија влегла во составот на Федерална Република Германија. Во исто време, било договорено дека НАТО силите со преземањето на Источна Германија нема да се движат кон источна Европа. На 7 мај, 2008 година, *Daily Telegraph* направил интервју со последниот претседател на СССР, Михаил Горбачов кој истакнал дека токму тоа било договорено. Тој истакнал дека: „Американците ветија дека НАТО нема да се движи надвор од границите на Германија по крајот на Студената војна, но сега половина од Централна Европа и Источна Европа се веќе постојани членки на НАТО, значи што се случи со нивното вертување? Тоа покажува дека не може да им се верува.“

## Балканска интервенција

*Главна статија: Граганска војна во Босна и Херцеговина.*
*Главна статија: НАТО-во бомбардирање на СР Југославија.*



Полетување на НАТО авион

Првата воена операција на НАТО била извршена во Југославија. Конфликтот во Југославија започнал од 1993 и неофицијално завршил во 1996 година. НАТО вовел воено ембарго и економски санкции на СР Југославија. На 28 февруари 1994 година, НАТО ги превзел првите воени дејства врз босанските срби. Операцијата Deny Flight започнала една година порано на 12 април 1993 година и продолжила до 20 април 1995 година. Бомбардирање од страна на НАТО имало и во август 1995 година против армијата на Република Српска, по масакрот во Сребреница. Воздушните напади на НАТО силите “помогнале“ да се стави крај на војната во Босна и Херцеговина, и како резултат на тоа бил потпишан Дејтонскиот договор. Спроведувањето на договорот се одвивало под мандатот на ООН, користејќи ги од НАТО т.н. многунационални сили под името ИФОР (IFOR – Implementation Force), кои во себе ги вклучуваат силите на УНПРОФОР (UN Protection Force). Договорот започнал да важи од 20 декември 1995 година. По една година овие сили се трансформирале како СФОР (SFOR – Stabilisation Force). Кон крајот на 2004 година, командувањето на овие сили преминало под контрола на Европската Унија.

НАТО-вото бомбардирањето на Сојузна Република Југославија (или Операцијата Сојузничка сила според НАТО) е воена операција на НАТО против Сојузна Република Југославија што траеше од 24 март до 10 јуни 1999 година, како дел од

Косовската војна. Тоа е втора поголема борбена операција во историјата на НАТО, по бомбардирањето на босанските Срби во 1995 година.

При бомбардирањето, НАТО врѓел напади врз воени цели, но и врз стопански и цивилни објекти. Во нападите што траеле 78 дена без прекин тешко биле оштетени бројни инфраструктурни објекти, стопански објекти, училишта, здравствени установи, медиумски куќи, споменици на културата, цркви и манастири. Цивилните жртви изнесувале околу 500-1200 загинати[4]. Економската штета се проценува на 30 милијарди долари. На 9 јуни СРЈ и НАТО во Куманово потпишуваат договор за примирје со кој се стави крај на бомбардирањата. Според договорот на територијата на Косово треба да се разместат 45.000 војници предводени од НАТО и со мандат од Обединетите Нации. Во врска со тоа се постигнува согласност Советот за Безбедност на ОН да донесе соодветна резолуција. Врз основа на тоа, на 10 јуни е усвоена Резолуцијата 1244.

Во САД, Велика Британија и повеќе од останатите членки се противопоставиле на предлогот на НАТО кој иницирал Советот за сигурност на ООН да ги одобри воените удари на НАТО во Србија во 1999 година.

## По нападите на 11 септември



Кулите-близначки од Светскиот трговски центар

Терористичките напади на 11 септември 2001 година довеле НАТО пактот за прв пат во својата историја да се повика на член 5 од Уставот на НАТО. Членот гласи: *Нападот на било која држава означува напад против сите членки*. Операцијата Active Endeavour имала за цел прекин на терористичкото снабдување со оружје за масовно уништување, како и засилување на сигурноста во бродопловството. Операцијата започнала на 4 октомври 2001 година. Во нападите загинале вкупно 2.998 луѓе, од кои 2.603 во Светскиот трговски центар, 246 патници во киднапираните авиони, 125 во Пентагон и уште 24 лица се исчезнати. Во овој збир не се вклучени загинатите 19 терористи[5].

САД објавиле Војна против теророт во рамките на која презеле широки воени, полициски и разузнавачки мерки за апсење и уништување на познатите терористички групи ширум светот. Во рамки на Војната против теророт, НАТО го

нападнал и освоил прво Авганистан во 2001, а потоа коалиција предводена од САД го освоила и Ирак во 2003, како земји кои го поддржувале тероризмот.Проширување на НАТО

По падот на Берлинскиот ѕид, кон Алијансата се приклучиле повеќе земји кои порано биле под влијание на СССР од Северна Европа и Источна Европа: Естонија, Летонија, Литванија, Словенија, Чешка, Словачка, Унгарија, Бугарија, Романија, Хрватска и Албанија.




Проширување на НАТО

Во 2006 година се спровел средба на врвот на НАТО во Рига, Латвија која се присоединила кон алијансата две години порано. Тоа била првата средба на врвот на НАТО, која се одвила во држава која е била дел од СССР, и втора средба која во времето на комунизмот припаѓала на Варшавскиот пакт. (по средбата во Прага во 2002 година). Енергетичната сигурност била една од соновните теми на средбата во Рига[6][7]. На средбата на врвот во април 2008 година во Букурешт, Романија, НАТО изгласил можност за присоединување на Хрватска и Албанија кон алијансата. Двете држави се присоединиле една година покасно, во април 2009 година. На Украина и Грузија исто така им било укажано дека ќе станат членки на сојузот[8].

**Блокада на членството во НАТО на Македонија**

На 3 април 2008 година, на Самитот на НАТО во Букурешт, Романија, Грција ја блокирала поканата за Република Македонија за членство во НАТО. И покрај категоричното залагање на неколку водечки земји за приемот на Република Македонија, а пред сѐ на САД, Грција не дала согласност за покана на Република Македонија, образложувајќи го тоа со лошите соседски односи поради нерешениот проблем со името Македонија.

На 17 ноември 2008 година, Република Македонија покренала тужба против Грција пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг дека со попречувањето на приемот во НАТО Грција директно го прекршила членот 8 од Времената спогодба, кој

предвидува дека Грција нема да го попречува членството на Република Македонија во меѓународни организации. Разгледувањето на тужбата е во тек, и треба да заврши најдоцна 4 години од тужбата.

## ИСАФ

Во август 2003 година, НАТО за прв пат во својата историја започнала мисија надвор од границите на Европа, кога ја превзела контролата над Меѓународните сили за сигурност и помагање или ИСАФ во Авганистан. ИСАФ е формиран врз основа на одлука од Советот за Безбедност на ОН (Резолуција 1386 од 20 декември 2001 година) со мандат да го штитат Кабул и околината од Талибанците, Ал Каеда и останатите противници на Авганистанската привремена влада предводена од Хамид Карзаи. Со текот на времето ИСАФ ја прошири својата мисија во четири етапи на територијата на целиот Авганистан. Во октомври 2003 година, по усвојувањето на Резолуцијата 1510 на Советот за безбедност, мандатот на ИСАФ беше проширен и на области надвор од Кабул, по што германски војници беа испратени во регионот Кундуз, на северот од земјата. Од 31 јули 2006 година ИСАФ ја презеде контролата над југот од Авганистан, а на 5 октомври истата година и над истокот на земјата. Во 2006 година по интензивирањето на воените дејствија на Талибанците на југот од Авганистан, се разгори Авганистанската војна, а ИСАФ се вклучи во покрупни борбени операции против Талибанците. Со поголемата вклученост во борбите, силите на ИСАФ се почесто стануваат мета на бунтовниците.

Но некои критричари сметаат дека националните интереси и други ограничувања ја намалиле ефективноста на ИСАФ. Така на пример, политологот Џозеф Нју ова го образложува во една статија која датира од 2006 година: "*Многу членки кои се со војската на НАТО во Авганистан ги предприемат националните интереси, кое го ограничува максималното користење на нивниот воен капацитет пооделно. Така, Велика брտанија, САД, Холандија, Канада поголемиот дел од своите борби го поминуваат на јужниот дел од Авганистан, додека Франција, германија и Италија на северниот дел. Па од овде, тешко е да се види како НАТО би можел да успее да го стабилизира Авганистан, освен ако несака да ангажира повеќе војници за акција*"[9]}}.

## Противракетна одбрана

За неколку години, САД заедно со Полска и Чешка се договориле за изградба на ракетен штит и радар за целите на НАТО. Но, тоа во голема мера било против вољата на местното население. Во 2008 година, Полска и САД подтишале договор за изградба на дел од штитот на противракетна одбрана во Полска, кое пак ќе биде поврзано со воздушниот одбранбен радар во Чешка. Во одговор на тој договор, била покренета иницијатива од страна на околу 130.ооо полски жители за петиција за референдум, но истата била откажана. Целиот проект на американската противракетна одбрана во Централна Европа се очекува дека ќе биде готова во

2015 година и ќе биде во состојба да покрива поголем дел од Европа со исклучок на Романија, Бугарија, Македонија, Грција и Турција[10] .

Во април 2007 година, НАТО ги повикал европските сојузници за создавање на противракетен систем, кој би ја покривал Европа од напади. Во одговор на тоа, рускиот претседател Владимир Путин изјавил декатаквиот проект може да доведе до зголемување на ризикот од взаемно уништување[11]

# Проширување

Нови членки на НАТО се предимно од Источна Европа и Балканот, вклучително и земјите од Варшавскиот договор. На последниот самит од 2008 година во Букурешт било ветено за покана на уште три земји: Република Македонија, Грузија и Украина. Република Македонија кон алијансата тебало да се приклучи заедно со Хрватска и Албанија на 1 април 2009 година, но поради спорот околу името, соседот Грција го блокирал влезот. Турција исто така се заканила за блокада кон Кипар.

Други потенцијални држави членки се Црна Гора и Босна и Херцеговина, кои се приклучиле кон Adriatic Charter во 2008 година. Русија и понатаму силно се противи за проширувањето, бидејќи смета дека НАТО го прекршува договорот помеѓу Михаел Горбачов и Џорџ Буш дека по обединувањето на Германија, НАТО нема да се проширува кон источните земји од Европа[12].

# Соработка со трети страни

Од 1990 година, НАТО постепено го зголемувал својот контакт со држави кои не се дел од некоја од горенаведените групи. Политичкиот дијалог со Јапонија започнал во 1990 година. Исти контакти биле одржани и со Австралија, Нов Зеланд, Јужна Кореја и Јапонија во 2004 година.

## Партнерство за мир

Партнерство за мир (ПзМ) е програма на НАТО насочена кон соработка и создавање на доверба помеѓу членките на НАТО и останатите земји од Европа и од поранешниот СССР. НАТО го воспостави Партнерството за мир во јануари 1994 со цел да ја зголеми стабилноста и безбедноста низ Европа. Основните цели на ПзМ, објавени во 1994, важат и денес[13] . Тие го подразбираат следново:

- подобрување на транспарентноста на националната одбратбена програма и воениот буџет;
- обезбедување демократска контрола врз националните вооружени сили; и
- долгорочно развивање на националните сили на партнерите кои можат полесно да станат интероперативни со силите на НАТО-членките.

## Евроатлански совет за партнерство

Евроатланскиот совет за партнерство (ЕАСП) била создадена на 29 мај 1997 година. Целта за создавање на овој совет била подобрување на односите помегу НАТО и државите кои не се членки на алијансата, пред се оние од Европа и од Азија за Европската периферија[14].

## Медитерански дијалог

Медитеранскиот дијалог бил создаден во 1994 година со цел да се координираат односите помегу Израел и земјите од Северна Африка.

# Структура

На интернет страницата на НАТО, внатрешната организација на НАТО се разделува во политички структури, воени структури, организации и агенции непосредствено подчинени на штабот на НАТО. Главниот штаб на НАТО се наоѓа на булевар Леополд III, B-1110 Брисел, кој е во населбата Харен во општина Брисел[15] . Во моментот се гради нова градба за седиштето кое ќе се наоѓа близу до денешниот, и истиот треба да биде довршен во 2012 година.

## Политичка структура

НАТО алијансата е уредена од страна на дваесет и осум држави членки. Секоја членка испраќа делегација или исполнува мисија во штабот на НАТО во Брисел, Белгија[16] . Членовите на сите делегации обично се виши државни службеници или опитни политичари односно имаат изградено некој дипломатски ранг. Сите заедно го формираат Северноатланскиот совет, одбор кој се собира заедно барем еднаш во седмицата и има ефективен политички орган и правни можности за земање на решенија во НАТО. Од време на време, советот одговара пред министрите за надворешни работи, министрите за одбрана или раководителите на државните служби.

Седницата на Северноатланскиот совет ја закажува Генералниот секретар на НАТО. Секоја држава членка пред советот има полн суверенитет и одговорност за сопствените си решенија.

## Воена структура

Втор основен член на делегација од сите држави членки е воен преставник, односно генерален офицер од секоја држава на вооружените сили. Заедно со воените претставници на Воениот комитет (MC) го сочинуваат органот кој е одговорен за препорака на НАТО од таа област. Основната улога му е да ги

посочува насоките и советите во врeска со воената политика и стратегија на Алијансата. Таа е одговорна за целосното спроведување на воените работи во НАТО под раководство на Советот. Исто како и кај Советот, и овде одговорност се има пред министерствата за одбрана и воените службеници на секоја нација која е членка на алијансата.

## Парламент на НАТО

Парламентот на НАТО е претставуван од страна на Хозе Лело. Парламентот е составен од законодатели на секоја држава членка на Алијансата, како и тринаесет “асоцирани“ членови. Главна цела на парламентот е собир на парламентарците од сите членки на сојузот, сè со цел да се разгледуваат и коментираат актите поврзани со политиката за безбедност.

Моментален претседател на Воениот Комитет на НАТО е Џиампаоло Ди Паола од Италија (2008 година).

## Список на Генерални секретари

Поранешниот премиер на Данска, Андерс Фог Расмусен е именo следниот генерален секретар на НАТО. Должноста ќе ја презема во август 2009 година.

**Генерален Секретар**[17]

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Хастингс Лионел Исмај | Обединето Кралство | 4 април 1952 – 16 мај 1957 |
| 2 | Пол Хенри Спак | Белгија | 16 мај 1957 – 21 април 1961 |
| 3 | Дирк Штикер | Холандија | 21 април 1961 – 1 август 1964 |
| 4 | Манлио Бросио | Италија | 1 август 1964 – 1 октомври 1971 |
| 5 | Јосеф Лунс | Холандија | 1 октомври 1971 – 25 јуни 1984 |
| 6 | Петер Карингтон | Обединето Кралство | 25 јуни 1984 – 1 јули 1988 |
| 7 | Манфред Ворнер | Германија | 1 јули 1988 – 13 август 1994 |
| 8 | Серхио Баланцино | Италија | 13 август 1994 – 17 октомври 1994 |
| 9 | Вили Клаес | Белгија | 17 октомври 1994 – 20 октомври 1995 |
| 10 | Серхио Баланцино | Италија | 20 октомври 1995 – 5 декември 1995 |
| 11 | Хавиер Солана | Шпанија | 5 декември 1995 – 6 октомври 1999 |
| 12 | Џорџ Робертсон | Обединето | 6 октомври 1999 – 17 декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Кралство | 2003 |
| 13 | Алесандро Минуто Рисо | Италија | 17 декември 2003 – 1 јануари 2004 |
| 14 | Јап де Хоп Шефер | Холандија | 1 јануари, 2004 – 31 јули 2009 |
| 15 | Андерс Фог Расмусен | Данска | 1 август 2009 – сè уште |

**Заменик генерален секретар**[18]

| # | Име | Земја | Времетраење |
|---|---|---|---|
| 1 | Џонкхер ван Вреденбург | Холандија | 1952-1956 |
| 2 | Барон Адолф Бентинк | Холандија | 1956-1958 |
| 3 | Алберико Касарди | Италија | 1958-1962 |
| 4 | Џуидо Колона ди Палиано | Италија | 1962-1964 |
| 5 | Џемс Робертс | Канада | 1964-1968 |
| 6 | Осман Олкај | Турција | 1969-1971 |
| 7 | Паоло Панса Цедронио | Италија | 1971-1978 |
| 8 | Риналдо Петригнани | Италија | 1978-1981 |
| 9 | Ерик де Рин | Италија | 1981-1985 |
| 10 | Марсело Гуиди | Италија | 1985-1989 |
| 11 | Амедо де Франчис | Италија | 1989-1994 |
| 12 | Серхио Баланцино | Италија | 1994–2001 |
| 13 | Алесандро Минуто Рисо | Италија | 2001–2007 |
| 14 | Клаудио Бисогниеро | Италија | 2007–сè уште |

# Организации и агенции

На интернет страницата на НАТО се претставени четириесет и три различни организации и агенции (*15 мај 2008*). Девет логистични органи:

- НАТО подршка и Агенција за набавски
- Централен европски гасоводен систем
- НАТО гасоводен систем
- NETMA
- Агенција на НАТО за стандардизација
- Три граѓански итни органи

1. Противоздушна одбрана

- NACMA
- Програмски центар

2. Еден AEW орган
3. Осум комуникациони органи и информирачки системи

- NC3A
- NCSA

4. Една електронска воена агенција
5. Едно метеролошко тело (MCMG)
6. Едно океанографско тело (MILOC)
7. Агенција за научни иследувања и технологии (PTA)
8. Четри органи за образување и обука
9. Пет органи за проектирање

- (AGS/PPO)
- (BICES)
- (CALS)
- NATO FORACS
- (MSIAC)

# Литература


1. ↑ "English and French shall be the official languages for the entire North Atlantic Treaty Organization.", Final Communiqué following the meeting of the North Atlantic Council on 17 септември, 1949. "(..)the English and French texts [of the Treaty] are equally authentic(...)"The North Atlantic Treaty, Article 14
2. ↑ Reynolds, *The origins of the Cold War in Europe. International perspectives*, p.13
3. ↑ Albania, Croatia join NATO military alliance, *AFP*, 1 април, 2009
4. ↑ Хјуман рајтс воч: Цивилни жртви во НАТО воздушната кампања (англ.)



www.MaturskiRadovi.NET

**Gotovi seminarski, maturski, maturalni i diplomski radovi iz raznih oblasti, lektire , puškice, tutorijali, referati.** www.MaturskiRadovi.Net je specijalizovan tim za usluge visokokvalitetnog pisanja, istraživanja i obradu teksta za kompletan region Balkana.

Posetite nas na sajtovima ispod:

http://www.maturskiradovi.net

http://www.maturski.net

http://www.seminarskirad.org

http://www.seminarskirad.info

http://www.seminarskirad.biz

http://www.maturski.org

http://www.magistarski.com

http://www.essaysx.com

http://www.facebook.com/DiplomskiRadovi

Takođe, na sajtu pronađite i tutorijale, referate, primere radova, prepričane lektire, vesti, čitaonicu... Na ovom sajtu ste u prilici pronaći preko 10000 radova iz raznih oblasti: ekonomija (menadzment, marketing, finansija, elektronskog poslovanja, internet tehnologija, biznis planovi, makroekonomija, mikroekonomija, preduzetnistvo, upravljanje ljudskim resursima, ...), informatika (internet, informacione tehnologije, softver, hardver, operativni sistemi, baze podataka, programiranje, informacioni sistemi, računarske mreže, ...), biologija i ekologija, filozofija, istorija, geografija, fizika, hemija, književnost, matematika, likovno, psihologija, sociologija, ostali predmeti (politika, saobracaj, mašinstvo, sport, muzika, arhitektura, pravo, ustav, medicina, engleski jezik, ...).

Uspostavljanjem ovog projekta, zadovoljila se i veoma prisutna potreba za specijalizovanim timom, koji će na studente i omladinu pravovremeno i adekvatno delovati u edukativnom i pozitivno usmeravajućem pravcu, ali i predstavljati efikasnu podršku u pisanju sopstvenih radova.

U cilju pružanja što kvalitetnijeg sadržaja radova, okupljen je odabrani tim, sastavljen od iskusnih stručnjaka iz različitih oblasti, čiji je cilj da autorskim pristupom i prepoznatljivim stilom izrađuju i istražuju najrazličitije oblasti i afirmišu slučajeve iz prakse.

Za sada posedujemo gotove radove iz oblasti prava, ekonomije, ekonomike preduzeća, javnih finansija, spoljnotrgovinskog poslovanja, informatike, programiranja, matematike, fizike, hemije, biologije, ekologije, menadžmenta, astronomije, carine, špedicije, poreskog sistema, javne uprave, računovodstva...., a uskoro ćemo se proširiti i na ostale oblasti. Inače, izrada maturskih, seminarskih, diplomskih radova po želji je naša primarna opcija. Nakon što aplicirate za određeni rad, dobićete odgovor najkasnije za 24h.